Врз основа на Законот за трговските друштва, акционерот Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница Пласница, со седиште во с.Пласница Пласница, со ЕДБ-4018999101772 и ЕМБС-5312566, поднесува :

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ПО ТОЧКА 3/1 за 33-то Годишно Собрание на Акционери, 30/05/2023,**

како што следува:

„Врз основа на член 25 став 1 точка 2 од Статутот на ОКТА АД – Скопје, а во врска член 487 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на ОКТА АД – Скопје на својата 33-та седница на Годишното Генерално Собрание одржана на ден 30.05.2023 година, ја донесе следната

ОДЛУКА

за одобрување на исплата на дивиденда

Член 1

СЕ ОДОБРУВА исплата на дивиденда од кумулативна акумулираната добивка од претходните години, во вкупен бруто износ од 184.506.480,00 денари (приближно 3.000.000,00 ЕУР) односно дивиденда во бруто износ од 218,00 денари по акција, согласно условите предвидени во Одлуката за утврдување на дивиденден календар.

Дивидендниот календар ќе биде утврден со посебна одлука.

Член 2

Акционерите на ОКТА АД – Скопје ќе бидат известени за исплатата на дивидендата преку објава на Одлуката за утврдување на дивиденден календар на интернет страницата на ОКТА и на интернет страницата на Македонската Берза за Хартии од вредност.

Член 3

За спроведување на оваа Одлука се задолжува Дирекцијата за финансии.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Годишно Собрание на Акционери

Претседавач

Образложение

Согласно член 383 став 1 точка 2 и член 483 став 1 од ЗТД, како и согласно член 25 став 1 точка 2 од Статутот на Друштвото, во надлежност на Собранието на акционери е да одлучува за распределбата на добивката. Согласно член 384 став 2 точка 2 од ЗТД, на Годишното собрание, акционерите одлучуваат за употребата на чистата добивка или за покривање на загубата во претходната деловна година.

Имајќи предвид дека согласно финансиските извештаи за 2022 година, заклучно со ден 31.12.2022 година, без добивката остварена во 2022 година, ОКТА АД – Скопје има кумулативна акумулирана добивка достапна за распределба во вкупен износ од 2.067.823.554,00 денари, сметаме дека Друштвото има доволно достапна акумулирана добивка за распределба за дивиденда во предложениот износ.